**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 октомври 2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Неждет Мустафа, Петар Наумовски, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Ганка Самоилова-Цветановска, Весна Борозан и Сашко Кедев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по 18 точка.

Ја отворивме расправата по оваа точка.

Прв пријавен е господинот Исмет Рамадани.

Господинот Исмет Рамадани не е тука.

Господинот Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Сакам да објаснам зошто нема да гласам за оваа одлука, ниту за, ниту против, ниту воздржан, бидејќи било како гласајќи ќе одам против своите принципи на човек кој поголемиот дел од својот век го поминал како новинар без консултација, без разговор, со можеби единствениот новинар во оваа куќа ние треба да избереме жири кое треба да ја доделува таа награда.

Мислам дека изборот, без да навредам било кој од моите колеги кои се врвни професионалци, е политички унерамнотежен. Ако веќе сакаме да дадеме една награда

која ќе биде одличие на целото наше општество и која ќе биде израз на сите творечки политички сили во неа, требаше да направиме поинаков избор. Но штом им го вративте името на еден од идеолозите на монистичкиот социјализам во нашата држава, најверојатно заслужува и ваков состав.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Пред да преминеме на гласање ги молам службите да утврдат број на присутни пратеници во салата.

Имаме услови за гласање.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 58 пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

44 пратеници гласале за, 3 воздржани и 11 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата за годишни остварувања од областа на публицистика и новинарство и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџивасилев - Јасмин".

Минуваме на 10 точка од дневниот ред - **Избор на членови на Републичкиот судски совет.**

Преминуваме на избор на членови на Републичкиот судски совет, предложени од претседателот на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Трајко Вељановски да биде избран за член на Републичкиот судски совет.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Трајко Вељановски да биде избран за член на Републичкиот судски совет, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 18 пратеници.

Констатирам дека Трајко Вељановски не е избран за член на Републичкиот судски совет.

Отворам претрес по предлогот Аќиф Османи да биде избран за член на Републичкиот судски совет.

За господинот Османи во претходното продолжение кажав дека гласаме по уставниот механизам на амднамнот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Аќиф Османи да биде избран за член на Републичкиот судски совет го ставам на гласање.

За господинот Османи треба 61 глас и плус 18.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници. За гласале 14 пратеници.

Нема потреба од второто гласање.

Констатирам дека Аќиф Османи не е избран за член на Републичкиот судски совет.

На избраниот член на Републичкиот судски совет му го честитам изборот и му посакувам успех во работата.

Констатирам дека согласно член 104 став 4 од Уставот на Република Македонија, со денот на изборот на господинот Канзовски во Републичкиот судски совет, му престанува да ги врши другите јавни функции, професии или членување во политичка партија, доколку членува.

Минуваме на 16 точка од дневниот ред - **Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе амандман на точка 2 кој амандман е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувани колеги пратеници, ние денес ја имаме одлуката за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија во која, во став 2, за членови на Советот

за радиодифузија се избираат” Ѓорѓи Варошлија, новинар, главен и одговорен уредник во СКАЈ НЕТ телевизија од Скопје; Осман Демири, дипломиран филолог, албански јазик и книжевност, од Гостивар; Апостол Трпевски, професор на Факултетот за драмски утетности во Скопје и Мери Вељановска, на која Комисијата има поднесено амандман.

Меѓутоа, во она што беше утврдено на Комисиата за избори и именување, на која јас присуствував кога се донесуваше оваа одлука, по првата точка - Предлог одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија, стои:

- за членови на Советот за радиодифузија се избираат Ѓори Варошлија, новина, главен и одговорен уредник на СКАЈ НЕТ телевизија - Скопје; Осман Демири, асистент за фотографија, на тетовскиот универзитет.

Можете ли да ми објасните како овој асистент за фотографија се трансформира во дипломиран филолог, албански јазик и книжевност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам од предлагачот барате образложение. Или од мене?

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Кој мисли дека може да го даде соодветното образложение.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, предлагачот може да се јави во секое време, по негов избор.

Има збор господинот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, не пропуштивте можност и сега малку да си поиграте со опозицијата.

Марија Којзеклиска не е од вчера пратеник и таа знае од кого бара објаснување. Од предлагачот, сигурно не од вас. Меѓутоа, не мораше на таков начин да реагирате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас се извинувам, но таа се обрати на Вие, кон мене.

Не е тоа никакво поигрување. Незнам јас зошто така го сфативте.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Добро, ние така го разбравме. Сега сакаме да го пренесеме тоа. Но добро.

Јас би сакал да дискутирам околу точката од дневниот ред.

Според оваа одлука Комисијата за избори и именување на некој начин за членови на Советот за радиодифузија ни ги предлага господинот Ѓорѓи Варошлија, новинар и главен и одговорен уредник во СКАЈ НЕТ телевизија, Осман Демири, не знам со какво образование или квалификација, со оглед на тоа што има две, не би сакал да ги читам и двете, ги кажа госпоѓата Марија и Апостол Трпевски, професор на Факултетот за драмска уметност од Скопје и Мери Вељановска, и сега со амандман мислам дека е Елезовски.

Јас би сакал да продискутирам за господинот Ѓорѓи Варошлија.

Господинот Ѓорѓи Варошлија како главен и одговорен уредник на СКАЈ НЕТ телевизија, иако јавно партиски не е определен, преку неговите настапи како новинар, очигледна е неговата политичка провиниенција. Господинот Ѓорѓи Варошлија во неговите текстови отворено искажува непријателство кон опозицијата, со паушални и произволни оценки, што јасно зборува за неговата партиска определеност. Ова е начин што го предлагаат за член во Советот за радиодифузија, СДСМ да му се оддолжи и да му се заблагодари за отворената кампања што ја прави против ВМРО-ДПМНЕ. И што е најлошо, со ова се прави упад на некој начин и во Советот за радиодифузија, како што се прави упад и во многу независни тела во РМ. Значи се загрозува независноста на Советот за радиодифузија.

Иако сега знаеме дека Владата предлага закон за радиодифузија, ВМРО-ДПМНЕ на оваа седница имаше нов предлог за радиодифузија во кој сакаме или се обидуваме Советот да го направиме едно независно тело, со оглед на тоа што сакаме Владата да ја исклучиме околу давање и одземање, меѓу другото, на концесиите на приватните радиодифузни претпријатија. Меѓутоа, на овој начин ставајќи човек кој отворено политички е пристрасен мислам дека се руши независноста на Советот за радиодифузија и понатаму каков закон и да донесеме, ние со вакви кадровски решенија докажуваме дека остануваме на старите ставови, дека независноста само декларативно сакаме да ја поддржиме, но не и практично. Според тоа ВМРО-ДПМНЕ нема да го поддржи овој предлог и ние ќе гласаме против.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Трајановски, јас се извинувам што морам повторно да реагирам.

Госпоѓата Којзеклиска се обрати, господине претседателе и продолжи, вие, вие и затоа настана забуна. Нема тука никаква намера од моја страна.

Господинот Макрадули бара збор.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, морам да реагирам на уште еднаиот обид за линч на новинарите и медиумите во Република Македонија, кога еден од врвните новинари во нашата земја, за неговите политички ставови што ги изразува во медиумите е осуден и поистоветен со припадноста на некоја политичка партија. Тоа господине Трајановски нема никаква врска. Но проблемот е што вие, загрозеноста на Републичкиот судски совет ја направивте  1999 година. Да ве потсетам, со мониторот на изборите на претседателот Трајковски, членот на негoвиот штаб  го ставивте во Советот за радиодифузија, внесовте криминалци и хоштаплери што ги растурија кабловските телевизии и медиумите во Република Македонија, а сега правите линч од собраниската говорница кон еден од најистакнатите новинари во Република Македонија. Јас не знам кои текстови сте ги читале, но би ве повикал да го прочитаме заедно послендиот негов текст во колумната во Утрински весник, па потоа да дискутираме. Не знам тогаш во која политичка партија ќе го сврстите. Да ги оставиме новинарите и медиумите да си ја работат нивната работа, а не за секоја работа што ќе ја кажат да ги осудуваме и да се обидуваме да ги посрамотиме тука од говорницата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јавува господинот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметам дека мојот колега, господинот Макрадули се надмина себеси. Искажа такви зборови од говорницата, како криминалци и хоштаплери, што сметам дека не доликува на овој законодавен дом. Тоа јасно зборува зо каква жештина се пресметува со опозицијата и со сите оние кои спротивно размислуваат од размислувањето на господинот Макрадули или од позицијата.

Инаку што било во 1999 година, тоа си го кажа он. Јас мислам тоа не е вистина. А дека се прави линч спрема новинарите, мислам дека секој има право на свое мислење, различно од некој друг. Впрочем кај се ставија новинарите многу е јасно и пред 2002 година, затоа не би сакал многу да дискутирам, тоа е посебно прашање кое заслужува и

посебно внимание. Меѓутоа со квалификација  криминалци и хоштаплери за претходната власт да се искажува од оваа говорница од координатор на најголемата позициона партија, мислам дека е нон сенс за ова Собрание.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика има господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Да ве потсетам. Факт е дека членот на штабот на Борис Трајковски стана член на Советот за радиодифузија. Факт е дека сопственик на кабловска телевизија во Скопје е домаќинка од Струмица. Факт е дека сопственик во Карпош, на кабловска телевизија е студент од Охрид, роднина на Ламбе Арнаудов. Факт е дека не е почитувана конкуренцијата и така во Струмица имаме маж и жена, сопственици на две различни кадровски телевизии. Факт е дека се сите кабловски телевизии копирани од едно место и факт е дека сите лиценци со кои не се договори тогашниот директор на Управата за телекомуникации добија лиценска и се рекламираа во весници. Оние што не беа рекламирани, што не беа договорени, беа осудувани во медиумите дека не треба да се склучуваат договори. Тие се фактите. Затоа кажувам како се работеше во Советот за радиодифузија, а самите викате дека  секој треба да има право на сопствено мислење, сите, освен Ѓорѓи Варошлија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика на господинот Макрадули се јави господинот Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам вакви настапи од говорницата воопшто не доликуваат. Со таква жештина, со такви зборови мислам дека досега не сме комуницирале, освен господинот Јани Макрадули, одвреме навреме, вакви навреди и вакви изливи на нежности ги искажува од говорницата.

Тука да се постави таква теза дека се што е од претходната власт дека се се криминалци и хоштаплери и дека ова сега што господинот Макрадули го нуди  и како Републички судски совет и како стручњаци кои имаат само возачка дозвола од Б категорија и како новинари кои само тие пишуваат и знаат да пишуваат во дневните и

неделните весници, мислам дека воопшто не држи место. Секогаш и секаде има поквалитет. Но за жал се ова што е понудено, за тоа воопшто не е консултирана опозицијата и според мене ние нема воопшто и што да гласаме за или против бидејќи за ниеден од овие кандидати воопшто не сме ни консултирани. Тоа е едната работа.

Јас сакам да го потсетам господинот Макрадули, доволно е она што Владата носи сега закони за новинарите и нивните одговорности. Еве по втор пат ја користи приликата, еднаш на прес конференција, а сега и јавно од парламентарната говорница, да им се додвори на новинарите, а од друга страна се носи закон кој бара и преголема одговорност, можеби и линч на истите новинари. Затоа мислам едно внимание и од партијата и од него лично и едно извинување кон партијата и луѓето кои биле бирани и кои работеле во претходните органи, дали тоа било Советот за радиодифузија, или пак Републичкиот судски совет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Тоа е проблемот господине Мавровски што мислите и што знаете дека тие луѓе биле членови на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа барате да им се извинам нив, а согласно Законот за радиодифузија вие не смеете да ставате членови на ВМРО-ДПМНЕ или членови на партии во органите на Советот за радиодифузија. Затоа барате да се извинам на нив.

Инаку да ве потсетам Кривичниот законик што го спомнувате и казнените одредби што постојат, постојат малку од подамна. Не се од сега.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор годподинот Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Господине претседателе, не се однесувате исто кон сите пратеници. Некои пратеници ги прекинувате во збор а од друга страна дозволувате некој од говорницата да кажува зборови кои не доликуваат на ова Собрание. Ве молам да се придржувате кон Деловникот, да имате ист аршин за сите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господин Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Господине претседателе, почитувани другари и другарки,

Очигледно е дека ние не одиме кон создавање на една здрава, стабилна, авторатитивна и силна држава. Сите партии, сите чинители се однесуваме неодговорно. Јас не сакам да зборувам за било кој член и не зборувам за било кого и во Судскиот совет и тука во Советот за радиодифузија, меѓутоа, очигледно е дека ние веќе 10 - 12 години не можеме да се ослободиме од партизација на институциите на државата. Уште во создавањето на разни тела, веднаш на тие тела им го симнуваме дигнитетот, авторитетот, угледот. Со своето однесување, со своите предлози веќе јасно ние ги правиме тие тела партиски. Не само сега, тоа беше и порано. Можеме ли ние со различни решенија овие проблеми кои се очигледни и кои постојат да ги надминеме. Во тој поглед сум имал многу предлози за Судскиот совет, ама денес исто така мислам дека ова тело е оптоварено со многу партицизација, со многу лични влијанија.

Би предложил да размислиме во иднина по ова тело да излезе од овие замки, да го добие своето вистинско место во светот, да биде составено од луѓе кои не припаѓаат на партии, од независни личности, од угледни личности, а такви има повеќе од 90% во државата. Еве, сега има предлози за менување на одделни членови на Уставот, па во тој поглед дајте да ги направиме тие напори еднаш да ја симнеме оваа хипотека со која се оптоваруваме тука во Парламентот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јордан Михајловски:

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Само неколку зборови по однос на предлозите што се наоѓаат денес пред нас. Сакам да кажам дека скоро 90% од предлозите кои ги предлага опозицијата, опозицијата ги пречекува буквално на нож. Кон секој предлог се додава, се бара

идеолошки атрибут, додека стручноста и знаењето на луѓето воопшто не се цени, со што законодавниот дом го руши сопствениот кредибилитет и сопствениот дигнитет. Да биде иронијата денес поголема кон овие предлози, за кои јас ќе кажам неколку зборови, барем за двајца луѓе кои ги знам, луѓе кои се авторитет и кои значат нешто за јавниот живот на  Република Македонија , иронијата да биде поголема и тие не не прашаа пред 4 години кога го избираа Советот за радиодифузија. Дали не прашаа? Дали бевме консултирани?

Се наоѓаат двајца луѓе кои јас лично ги знам, а тоа е Ѓорѓи Варошлија, еден од доајените на македонското новинарство, човек кој го има задолжено макеоднското новинарство и професорот Апостол Трпевски кој го знам, според она што тој го има сработено во својот живот, го има задолжено макеоднскиот филм, изведе толку генерации на млади макеоднски филмски режисери и се има вградено во македонската културна и духовна архитектоника. Такви предлози треба да се подржат до толку повеќе што Советот за радиодифузија ги разгледува проектите на млади таленти, оние млади луѓе кои треба да добијат шанса преку Советот за радиодифузија, а токму ова се луѓе компетентни кои можат квалитетно да одлучуваат за такви проекти.За вакви предлози, во секој случај, без резерва треба да се гласа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитувани колеги, само сакам да се придружам кон мислите и дискусијата  на господинот Љубисав Иванов Ѕинго, бидејки ние вршиме една одговорна задача во ова Собрание, избираме персонален состав на институции чии избор е во надлежност на ова Собрание. Тие институции не припаѓаат на некоја друга држава, тие институции припаѓаат на  Република Македонија  и тие институции се наше огледало надвор од  Република Македонија , односно во светот. Да не заборавиме и во секој момент да ни биде на мисла дека некој не набљудува од надвор и ги цени нашите постапки во секоја ваква сериозна работа.

Јас мислам дека сите луѓе избрани и од претходната власт и предложени од сегашнава власт заслужуваат да се најдат на списокот за избор. Работата е што ние

немаме воспоставена методологија меѓу позицијата и опозицијата при предлагањето на овие луѓе и при изборот на тие луѓе. Кога би се договориле претходно со колкав процент да партиципира опозицијата во составот на овие институции, тогаш можеби овој проблем би бил разрешен. Смешна е сликата што ја оставаме надвор, што не можеме да конституираме едно тело како што е Републичкиот судски совет бидејки тоа тело во ваков окрнет состав со само 5 души ќе го нема оној легитимитет и кредибилитет во судската власт, што би требало да го има кога би бил составен од 7 души, во полн состав. И ова натегање може да оди до бескрај, па треба еднаш за секогаш да седнеме и да размислиме за нашите постапки и за нашите изјави на оваа говорница, зошто го намалуваме тој углед на институциите на Република Македонија . Да не заборавиме дека и ние сме институција, односно една од институциите на Република Македонија .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

(Процедурално)

Господине претседателе, поради тоа што се наруши дигнитетот на Собранието, сметаме дека нема услови за работа и затоа ние како ВМРО-ДПМНЕ ќе ја напуштиме салата и нема да учествуваме во работата на оваа седница.

(Пратениците од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ излегуваат од салата).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето од страна на службите).

60 пратеници се присутни во салата.

Доколку има пратеници кои сакаат да присуствуваат на седницата, ги молам да влезат во салата за да гласаме.

Ве молам за трпение од неколку минути, ова е последно гласање, седницата ќе ја завршиме.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Продолжуваме со работа.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

(По гласањето)

Гласале 59 пратенци, сите гласале за.

Констатирам дека Одлуката е донесена, со оглед дека во салата има 61 пратеник.

Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија.

Бидејки дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 39-та седница на Собранието на Република Македонија .

Наредната седница ќе ја одржиме идната среда.

Ги молам претседателите на комисиите во меѓувреме да ги закажат собраниските комисии.

(Седницата заврши во 10,50 часот).